Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување План на Програми за развој на Општина Карпош за 2021 година**

1. Се објавува План на Програми за развој на Општина Карпош за 2021 година, донесена на четириесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 ноември 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7159/3**
**Датум:13.11.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев**

Согласно член 36, став 1, точка 1; член 22, став 1, точка 4 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 21-б од Законот за Буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), Советот на Општина Карпош на четитиесет и осмата седница, одржана на 12 ноември 2020 година, донесе

***ОПШТИНА КАРПОШ***
**Одделение за подршка**
**и организација на работтата на Советот**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2021 ГОДИНА**

Согласно потребите во областа на комуналните работи и сообраќајот се утврдува превземање на одредени активности со цел подобрување на условите на инфраструктура (партерно уредување и патна инфраструктура) за граѓаните во населба Влае, Општина Карпош и тоа:

1.Развојна програма - **Изградба на Паркиралишта и плоштади – ЈЕО-Изградба на простор за паркирање**
**Партерно уредување-реконструкција на пешачка зона(платформа) на стамбено-деловен комплекс- плато "Порта Влае"**
Согласно потребите од областа на уредување на градежно земјиште и комунални работи се утврдува превземање на одредени активности со цел подобрување на условите за партерно уредување и патна инфраструктура на територија на Општина Карпош.
Реконструкцијата на пешачката зона (платформа) плато "Порта влае" во станбено-деловниот комплекс ќе се реконструира согласно важечкиот ДУП и техничката документација на основниот проект каде се дефинирани параметрите.
Утврдената граница на опфат, која е предмет на оваа техничка документација, ја следи линијата на постојниот стамбено - деловен комплекс и постојната пешачка зона (платформа) околу комплексот. Локацијата на станбено-деловниот комплекс „Порта Влае" се наоѓа на булеварот „Партизански Одреди" во урбанизираната населба Влае, којашто се наоѓа во западниот дел на Скопје, меѓу населбите Ѓорче Петров (на запад), Злокуќани (на север), Хром (на југ) и Карпош IV (на исток).

Составена е од две населби Влае I и Влае II во составот на Општината Карпош, помеѓу кои е сместен и комлексот „Порта Влае". Во непосредна близина на станбено-деловниот комплекс, јужно од булеварот „Партизански Одреди", се наоѓа и основното училиште „Димо Хаџи Димов"

Јавниот простор е доста фрекфентен ,каде гравитираат станарите од целиот комплекс во кој што се наоѓаат девет згради,во кои се застапени станбени и деловни објекти на приземјето и во мезанинот како и жителите на Општина Карпош.
Предметниот простор е во дотраена состојба,оштетен,некорисен за минувачите и на барање на граѓаните потребна му е обнова со реконструкција,расчистување на просторот со замена на постоечките плочки со нови гранитни плочки и поставување на нова хидроизолација за заштита,како и решавање на одводнувањето на површинската вода од платформата(пешачката зона).
Основниот проект за реконструкција е во завршна фаза на изработка,и согласно проектната документација вкупната површина на пешачката зона(платформа) изнесува **14,380.00 м2.**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Вкупната вредност на овој проект се планира да изнесува **70.000.000,00денари.**
Датум на започнување со имплементација на проектот е планиран 01.04.2021година ,а датум на завршување на проектот се планира 01.08.2022година.
Поради големиот обем и висината на потребните финансиски средства кои се потребни за реализација на оваа развојна програма,а кои изнесуваат **70.000.000,00 денари** ќе се извршува фазно во две години:

- започнувајќи од 2021 година до 2022 година.Во 2021година планираниот износ на средства изнесува **30.000.000,00денари** со изградба на околу 6,000.00 м2 и
- во 2022 година планираниот износ на средства изнесува **40.000.000,00денари** со изградба на околу 8,380.00 м2.

За реализација на оваа развојна програма планираните средства се од Буџетот на Општина Карпош.

Овој План на Програми за развој влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-6997/7**
**Датум:12.11.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев**